Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë së Veriut
Avokatura Shtetërore e Republikës
së Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДП бр.02-141/20-8
15.06.2022 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# П Р А В И Л Н И К
# З А  И З М Е Н У В А Њ Е  И  Д О П О Л Н У В А Њ Е  Н А
# ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА ДП БР.02-141/20-2 ОД 03.06.2020 ГОДИНА,

Јуни 2022

Врз основа на член 9 а во врска со член 30 и член 31 од Законот за Државно правобранителство на Република Северна Македонија Службен весник на РМ.бр.87/07 и 104/15) и член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор Сл.Весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 . 14/20) Одлука од Влада на РСМ Бр 41-148/1 од 08.02.2022 година и член 3 и 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вработени во јавен сектор (Сл.весник на РМ бр.199/2014) ,Државниот правобранител на Република Северна Македонија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ за систематизација на работните места ДП бр.02-141/20-2 од 03.06.2020 година

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Северна Македонија ДП бр.02-141/20-2 од 03.06.2020 година, Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Северна Македонија ДП бр.02-141/20-3 од 23.02.2021 година, Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Северна Македонија ДП бр.02-141/20-5 од 11.06.2021 година и Изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Државното правобранителство на Република Северна Македонија ДП бр.02-141/20-7 од 07.02.2022 година

**Член 2**

Во табеларниот приказ на работните места, работното место со реден број 9, со шифра УПР 0101 В02 000 и назив на работно место Виш соработник за управување со системот за управување со ефектот на административните службеници во делот број на извршители бројот 3 се менува со бројот 4 извршители и тоа 3 во подрачје Скопје и 1 во подрачје Тетово.

**Член 3**

Во табеларниот приказ на работните места, работното место со реден број 10, со шифра УПР 0101 В04 000 и назив на работно место Помлад соработник за обука, вработување и мотивација во делот број на извршители бројот 8 се менува со бројот 9 извршители од кои 2 Куманово се заменуваат со зборовите 3 во подрачје Куманово .

**Член 4**

Во табеларниот приказ на работните места, работното место со реден број 12, со шифра УПР 0101 В01 000 и назив на работно место Советник за матична евиденција на вработени во делот вид на образование по зборовите образование,организациони науки и управување(менаџмент)и правни науки се додаваат зборовите наука на книжевност.

**Член 5**

Во табеларниот приказ на работните места, работното место со реден број 18,со шифра УПР 0101 В01 000 и назив на работното место советник за правни работи и застапување во делот број на извршители бројот 16 се менува со бројот 17 извршители.

**Член 6**

Во табеларниот преглед на работните места, работното место со реден број 20, со шифра УПР 0101 В03 000 и назив на работно место Соработник за правни работи и застапување во делот број на извршители бројот 1 се менува со бројот 3 и во делот други посебни услови зборот положен правосуден испит се брише.

**Член 7**

Во табеларниот приказ на работните места, работното место со реден број 21,со шифра УПР 0101 В04 000 и назив на работното место помлад соработник за правни работи и застапување во делот број на извршители во подрачје Скопје бројот 15 станува број 14 , Струга бројот 5 станува број 3 ,Кичево бројот 7 станува број 6, ,Велес бројот 2 станува број 1 и се додаваат зборовите во подрачје Дебар 2 извршители а во делот други посебни услови зборот потврда/сертификат за архивско и канцелариско работење се брише.

**Член 8**

Во табеларниот приказ на работните места, работното место со реден број 27со шифра УПР 0101 Г02 000 и назив на работното место Виш референт архивар , во делот број на извршители 21 станува 22 и тоа Скопје 5 , Битола 1, Велес

1,Прилеп 1, Кавадарци 1, Струмица 1, Гевгелија 1, Кочани 1, Штип 1 ,Гостивар 1, Тетово 1, Кичево 1, Струга 2, Охрид 1, Куманово 1 и Дебар 2 извршители.

**Член 9**

Во табеларниот приказ на работните места, работното место со реден број 28 со шифра УПР 0101 Г03 000 и назив на работното место Референт –технички секретар на државен правобранител ,во делот број на извршители бројот 11 станува број 13 и тоа во подрачје Скопје 1, Охрид 2, Битола 1, Прилеп 1,Велес 1, Штип 1, Гостивар 1 ,Тетово 1, Струга 1, Куманово 1 и Дебар 2 извршители .

**Член 10**

Во табеларниот приказ на работните места, работното место со реден број 30 со шифра УПР 0101 Г04 000 и назив на работното место помлад референт -економ доставувач ,во делот број на извршители бројот 14 се намалува на 11 извршители и тоа во подрачје Скопје бројот 7 станува 6 , Тетово 1, Гостивар 1, Кичево бројот 1 се брише , Куманово бројот 3 станува број 2 и Струга бројот 1 се врише .

**Член 11**

Во табеларниот приказ на работните места, работното место со реден број 33, со шифра УПР 0405 А02 008 и назив на работно место Дактилограф се брише.

**Член 12**

Во табеларниот приказ на работните места, работното место со реден број 34, со шифра УПР 0405 А03 004 и назив на работно место Хигиеничар во делот број на извршители бројот 2 станува со број 3.

**Член 13**

Во табеларниот приказ на работните места, работното место со реден број 44, со шифра УПР 0101 В04 000 и назив на работно место Помлад соработник за

сметководствени работи во делот број на извршители бројот 3 станува со број 2 и тоа 1 во подрачје Скопје и 1 во подрачје Куманово .

**Член 14**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на правилникот се врши измена и дополнување и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување на огласна табла на Државното правобранителство на Република Северна Македонија.

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Fehmi Stafa**

**Изработил**:
Генерален секретар Андријана Сливоска

**Доставено до:**
-Сите подрачја на Државното правобранителство на Република Северна Македонија
-Огласна табла
-предмет